ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24)

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Работодавачи и вработени во јавниот сектор

Член 2

(1) Работодавачи во јавниот сектор (во натамошниот текст: институции), согласно со овој закон, се:

- органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и

- институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

(2) Вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос кај некој од работодавачите од ставот (1) на овој член.

(3) Функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да

извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Северна Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор.

Примена на Законот

Член 3

(1) За вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и со колективните договори.

(2) За прашањата кои не се уредени со овој закон, како и за прашања за кои овој закон не упатува на примена на посебен закон и на колективен договор, а се однесуваат на работниот однос на вработениот, се применуваат општите прописи за работните односи.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за военото и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи и во органот во состав на Министерството за внатрешни работи-Бирото за јавна безбедност, во Агенцијата за национална безбедност, во Агенцијата за разузнавање, како и во органот во состав на Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција, ќе се применуваат само одредбите од главите III и IV од овој закон.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член за помошно-техничкиот персонал се применува членот 5, како и одредбите од главите III, IV, IV-а и VII од овој закон, а за другите прашања во врска со работниот однос се применуваат општите прописи за работните односи и колективните договори.

ГЛАВА II

ОПШТИ НАЧЕЛА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Начело на законитост

Член 4

Вработените во јавниот сектор ги вршат работите и работните задачи во согласност со Уставот, закон, други прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност

Член 5

(1) Институциите, согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас.

(2) Институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби, а врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност.

(3) Методологијата за планирање од ставот (2) на овој член, која ги содржи формата, содржината и образецот на годишниот план и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, ја донесува министерот за јавна администрација во согласност со министерот за односи меѓу заедниците.

Начело на стручност и компетентност

Член 6

(1) Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат за работното место.

(2) Унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас, при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

(3) Постапката на селекција од ставовите (1) и (2) на овој член се утврдува со закон, а се состои од проверка на поднесените докази за исполнување на условите за работното место, полагање на квалификациски тестови во хартиена или во електронска форма, организирање на интервјуа и/или други форми на проверка на кандидатите.

Начело на управување со ефектот на вработените

Член 7

(1) Институциите се должни да воспостават процедури за управување со ефектот на вработените преку негово континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за негово подобрување.

(2) Оценката за учинокот е мерка за придонесот на вработениот за ефикасно и ефективно функционирање на институцијата која се мери преку квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните цели и задачи, сервисната ориентација, професионалноста и однесувањето на вработениот, како и преку други критериуми од интерес за институцијата.

(3) Оценката од ставот (2) на овој член е основ за зголемување или намалување на платата на вработениот, утврдување на парична или друг вид материјална или нематеријална награда, унапредување или распоредување на работно место на пониско ниво, или прекинување на работниот однос, на начин и во постапка утврдена со закон и со колективен договор.

Начело на сервисна ориентираност

Член 8

(1) Вработените во јавниот сектор работите и работните задачи ги вршат квалитетно, одговорно, стручно, навремено и совесно, согласно со правилата на професијата и роковите и постапките во согласност со закон.

(2) Вработените во јавниот сектор се сервисно ориентирани, односно активни, иновативни, кооперативни и флексибилни со цел за ефикасно и ефективно остварување на правата и на интересите на странките со истовремена грижа за јавниот интерес.

(3) Вработените во јавниот сектор се должни да обезбедат соодветно упатување на странките кон надлежните служби, заради остварување на нивните права и интереси.

Начело на професионална етика, непристрасност и објективност

Член 9

(1) При извршувањето на работите и на работните задачи, вработените во јавниот сектор задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

(2) Вработените во јавниот сектор при вршењето на работите и на работните задачи обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните и на правните лица им овозможуваат заштита и остварување на правата, а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес, утврден со закон.

(3) Вработените во јавниот сектор работите и работните задачи ги вршат политички непристрасно, без влијание на своите политички уверувања и лични финансиски интереси.

(4) Вработените во јавниот сектор ги почитуваат целите, интересите, угледот и интегритетот на институциите во кои се вработени.

Начело на транспарентност и доверливост

Член 10

(1) Вработените во јавниот сектор при вршењето на работите и на работните задачи се должни да обезбедат пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон.

(2) Вработените во јавниот сектор во извршувањето на работите и на работните задачи на работното место со личните, службените и класифицираните податоци постапуваат на начин и под услови утврдени со закон.

Начело на одговорност

Член 11

Вработените во јавниот сектор одговараат пред институцијата во која се вработени за последиците од нивното постапување, непостапување или одлучување, односно неодлучување, како и за квалитетот, навременото и ефикасното извршување на доверените надлежности.

Начело на спречување судир на интереси

Член 12

Вработените во јавниот сектор не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси, во согласност со одредбите на овој или на друг закон.

Начело на економично користење на средства

Член 13

Вработените во јавниот сектор материјалните средства, опремата и другите средства за работа ги користат на економичен, разумен и ефикасен начин.

ГЛАВА III

КЛАСИФИКАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Групи и подгрупи на работните места во јавниот сектор

Член 14

(1) Во институциите на јавниот сектор, работните места на вработените се групираат на следниов начин, и тоа:

група I - работни места на административни службеници, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи од административна природа,

група II - работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради извршување на посебни овластувања,

група III - работни места на даватели на јавни услуги, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа и

група IV - работни места на помошно-технички лица, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради одржување, обезбедување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на институциите.

(2) Во рамките на секоја група се утврдуваат една или повеќе подгрупи на работни места и тоа:

1) група I - работни места на административни службеници (во сите институции на јавниот сектор):

- подгрупа 1 - државни службеници, односно друг вид на службеници утврдени со посебни закони и

- подгрупа 2 - јавни службеници;

2) група II - работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето:

- подгрупа 1 - овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи и во органот во состав на Министерството за внатрешни работи-Бирото за јавна безбедност,
- подгрупа 2 - овластени службени лица во организационата единица задолжена за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана,
- подгрупа 3 - овластени службени лица во Агенцијата за разузнавање,
- подгрупа 4 - овластени службени лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи,
- подгрупа 5 - судска полиција,
- подгрупа 6 - јавно-обвинителска полиција,
- подгрупа 7 - шумска полиција,
- подгрупа 8 - овластени службени лица во органот во состав на Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција,
- подгрупа 9 - воен и цивилен персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија,
- подгрупа 10 - овластени службени лица во Агенцијата за национална безбедност и
- подгрупа 11 - други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, утврдени со закон;

3) група III - работни места на даватели на јавни услуги во јавните установи, јавните претпријатија основани од Република Северна Македонија, од општините, од градот Скопје или од општините во градот Скопје:

- подгрупа 1 - даватели на јавни услуги во областа на здравството,
- подгрупа 2 - даватели на јавни услуги во областа на образованието и на науката,
- подгрупа 3 - даватели на јавни услуги во областа на трудот, социјалните работи и заштитата на децата,
- подгрупа 4 - даватели на јавни услуги во областа на културата и на јавното информирање,
- подгрупа 5 - даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија и

4) група IV - работни места на помошно-технички лица (во сите институции на јавниот сектор):

- подгрупа 1 - помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата,
- подгрупа 2 - помошно-технички лица за обезбедување на објектите и на опремата,
- подгрупа 3 - помошно-технички лица за превоз на лица и на опрема,
- подгрупа 4 - помошно-технички лица во кујна или во хотелско-угостителски објект и
- подгрупа 5 - други помошно-технички лица.

Категории и нивоа на работните места во јавниот сектор

Член 15

(1) Во рамките на секоја подгрупа од членот 14 став (2) од овој закон се утврдува една или повеќе категории на работни места.

(2) Во рамките на секоја категорија на работните места се утврдува едно или повеќе нивоа на работните места.

(3) Нивоата на работните места се опишуваат со звања, односно со стручен или со научен назив, при што најниско ниво во категоријата е влезното ниво.

(4) Категориите и нивоата од ставовите (1) и (2) на овој член се утврдуваат во посебните закони и со колективните договори согласно со видот на потребните стручни квалификации и работните компетенции, одговорноста, видот и сложеноста на работите и на работните задачи, како и согласно со други критериуми од значење за работното место.

Каталог на работните места во јавниот сектор

Член 16

(1) Каталогот на работните места во јавниот сектор (во натамошниот текст: Каталогот) е систематизирана листа на работни места во јавниот сектор, организирани во групи, подгрупи, категории и нивоа.

(2) Каталогот го води Министерството за јавна администрација.

(3) Работните места во Каталогот се заведуваат под шифра како единствена ознака за работното место, како и подгрупата, категоријата и нивото каде што припаѓа работното место.

(4) Освен со шифрата работните места во Каталогот можат да се опишат и со звањето, односно со стручниот или со научниот назив.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на Каталогот, начинот на определување на шифрите на работните места, како и начинот на внесување и бришење на работните места од Каталогот ги пропишува министерот за јавна администрација.

Акти за внатрешна организација и систематизација на работните места

Член 17

(1) Со актот за внатрешната организација, за секоја институција на јавниот сектор, се утврдува видот и бројот на организациските единици и нивниот делокруг на работа, при што составен дел е графичкиот приказ на организацијата на институцијата (органограм).

(2) Со актот за систематизација на работните места, за секое работно место во институцијата на јавниот сектор, се утврдува групата, подгрупата, категоријата и нивото каде што припаѓа

работното место, како и општите, посебните услови и описот на работите и на работните задачи за секое работно место.

(3) Институциите подготвуваат и донесуваат акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места, кои ги опфаќаат организациските единици и работните места на сите вработени, согласно групите на работни места утврдени во овој закон.

(4) Институциите ги донесуваат актите од ставот (3) на овој член по спроведена функционална анализа, базирана на докази. Во институцијата во која заради процесот на интегрирање на Република Северна Македонија во Европската Унија, односно заради преземени обврски од ЕУ проекти има потреба од систематизирање на повеќе работни места отколку што е утврдено во ставот (5) на овој член, бројот на систематизирани работни места се утврдува согласно со функционалната анализа, одобрена од Министерството за јавна администрација и од органот надлежен за буџет.

(5) Во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата, освен за институции со помалку од 30 вработени, во кои може да бидат систематизирани до 50 работни места, доколку има зголемување на надлежностите на институциите согласно закон кога бројот на работни места се утврдува согласно функционалната анализа.

(6) Во актите за систематизација, работните места на овластените службени лица од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, на посебните советници и на кабинетските службеници, можат да бидат означени како посебни, при што истите не се евидентираат во Каталогот.

(7) Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места, раководното лице на институцијата го донесува по претходна согласност од Министерството за јавна администрација во однос на нивната меѓусебна усогласеност како и нивната усогласеност со одредбите од овој закон, како и од органот надлежен за давање согласност на актот утврден со закон или со друг пропис во однос на нивната усогласеност со тие закони или прописи.

(8) По исклучок од ставот (7) на овој член, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи и органот во состав на Министерството за внатрешни работи-Бирото за јавна безбедност, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, органот во состав на Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција за овластените службени лица, судовите и јавните обвинителства ја утврдуваат внатрешната организација, односно формација, како и систематизација на работните места согласно со посебните закони или други прописи, а без претходна согласност на Министерството за јавна администрација.

(9) Содржината и начинот на подготовка на актите од ставот (3) на овој член, како и содржината на функционалната анализа од ставот (4) на овој член ја пропишува министерот за јавна администрација.

ГЛАВА IV

ЕВИДЕНЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Регистар на вработените во јавниот сектор

Член 18

(1) Заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор, се воспоставува Регистар на вработените во јавниот сектор (во натамошниот текст: Регистарот), кој преку информационен систем за управување со човечки ресурси (во натамошниот текст: ИСУЧР) го воспоставува и во електронска форма го води Министерството за јавна администрација.

(2) Министерството за јавна администрација ќе овозможи пристап до ИСУЧР на сите институции од јавниот сектор преку доставување на корисничко име и лозинка за овластените лица од функционерот кој раководи со институцијата.

(3) Министерството за јавна администрација има право да ги обработува податоците содржани во Регистарот на вработените во јавниот сектор и обврска да врши размена податоци од својата евиденција со податоци од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во насока на вршење контрола и обезбедување на целосни, точни и навремено ажурирани податоци од страна на институциите во јавниот сектор.

(4) Формата и содржината на Регистарот, начинот на неговото водење, начинот на пристап, користење, обработката на податоците, како и начинот на обезбедување на одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците ги пропишува министерот за јавна администрација.

Податоци во Регистарот

Член 19

(1) Регистарот ги содржи следниве податоци за вработените во јавниот сектор:

- лични податоци (име и презиме, име на еден од двата родитела, пол, ЕМБГ, датум на раѓање, место на раѓање, општина на раѓање, држава, *припадност на заедница*, адреса на живеење, место на живеење, општина на живеење, е-маил и телефон), *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Северна Македонија објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.210/24)*

- податоци за тековното вработување и за претходните вработувања (група, подгрупа, категорија, ниво и работно место),

- податоци за образованието, стручните квалификации и работните компетенции,

- податоци за годишните оцени,

- податоци за поведена дисциплинска постапка, материјална одговорност и поведена прекршочна или кривична постапка,

- податоци за мобилност,

- податоци за висината на платата и на надоместоците од плата и

- други податоци за вработениот.

(2) Регистарот, покрај податоците од ставот (1) на овој член, содржи и податоци во врска со статусот, називот, надлежноста, односно дејноста, седиштето, организациската структура, работните места и други податоци во врска со институциите на јавниот сектор.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за военото и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи и во органот во состав на Министерството за внатрешни работи-Бирото за јавна безбедност, во Агенцијата за национална безбедност, во Агенцијата за разузнавање, како и во органот во состав на Министерството за финансии-Управата за финансиска полиција, во Регистарот се содржани единствено податоци за вкупниот број на овие вработени.

(4) Личните податоци содржани во Регистарот се обработуваат и чуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

(5) Функционерот кој раководи со институцијата должен е да овласти најмалку едно лице за управување со ИСУЧР, а доколку се работи за новооснована институција во рок од два месеци од денот на основањето на институцијата и за тоа во рок од пет дена да го извести Министерството за јавна администрација.

(6) Министерството за јавна администрација е должно во рок од пет денаод приемот на известувањето од став (5) на овој член на електронската адреса на овластеното лице од институцијата да му достави корисничко име и лозинка за пристап до ИСУЧР.

(7) Овластеното лице од ставот (5) на овој член е должно да ги внесе, односно комплетира податоцитево Регистарот во ИСУЧР најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на корисничкото име и лозинка од ставот (6) на овој член, како и да ја ажурира секоја настаната промена на податоците во рок од 10 дена од нејзиното настанување.

Годишен извештај за податоците од Регистарот

Член 20

(1) Министерството за јавна администрација подготвува годишен извештај за податоците од Регистарот.

(2) Годишниот извештај ги содржи следниве податоци:

- број, вид, назив, гранка на власт, дејност и основач - за институцијата на јавниот сектор и

- број, групи, подгрупи, категории, нивоа, звања, работни места, пол, возраст, степен на образование и припадност на заедница - за вработените во јавниот сектор.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член, кога е тоа можно и логично, се претставуваат со меѓусебно вкрстување.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член може да содржи и дополнителни податоци и информации со кои располага Регистарот зависно од целите утврдени со овој закон и прописите за заштита на личните податоци.

(5) Извештајот се објавува на веб страницата на Министерството за јавна администрација најдоцна до крајот на првото тримесечје во тековната година, за претходната календарска година.

Глава IV-а

ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Годишни планови за вработувања

Член 20-а

(1) Вработувањата во институциите на јавниот сектор се вршат врз основа на годишни планови за вработување (во натамошниот текст: планови), кои функционерите кои раководат со институциите ги подготвуваат врз основа на Методологијата од членот 5 став (3) на овој закон.

(2) Планот за вработување се изготвува на ниво на институција и содржи:

- точни податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата,

- податоци за планирани пензионирања и податоци за други планирани движења на вработените (мобилност во рамките на институцијата и/или јавниот сектор, унапредувања и друго) и

- план за распределба на бројот на нови вработувања во следната година по припадност на заедница.

(3) Во воспитно-образовните, високообразовните и научно-истражувачките јавни установи, во јавните установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како и во националните театри, во кои дејноста согласно закон се врши на македонски јазик, односно на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, планот од ставот (2) не содржи податоци за распределба на бројот на планираните нови вработувања на давателите на јавни услуги по припадност на заедница.

(4) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната власт а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на централно ниво и/или преку подрачните единици или други организациски единици на локално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Северна Македонија за територијата на цела Република Северна Македонија.

(5) Во институциите на јавниот сектор кои се основани од страна на централната или локалната власт, а кои дејноста, односно надлежноста ја вршат на локално или регионално ниво, како основ за распределба на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница, се земаат податоците од последно спроведениот попис на населението на Република Северна Македонија за единицата на локалната самоуправа во која е сместена таа институција.

(6) Распределбата на бројот на планираните нови вработувања по припадност на заедница се врши на начин утврден во Методологијата од членот 5 став (3) на овој закон, и истата треба да придонесе за постепено намалување на позитивната или негативната разлика меѓу моменталната состојба на застапеност во институцијата и основот за распределба од ставовите (4) и (5) на овој член, односно за одржување на соодветната и правичната застапеност.

Постапка за донесување на планот

Член 20-б

(1) Функционерот кој раководи со институцијата е должен, најдоцна до 1 септември во тековната година, да изготви предлог план, кој заедно со предлог на буџетското барање го доставува на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата, односно до:

- Министерството за финансии, за институциите буџетски корисници од прва линија кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија и за јавните претпријатија основани од Република Северна Македонија,

- надлежното министерство, за институциите кои вршат дејности од областа на образованието и науката, здравството, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон,
- советот на општината за единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи основани од единиците на локалната самоуправа и
- друг орган доколку е утврден со закон.

(2) Органите надлежни за буџетот на институцијата се должни да дадат согласност, односно да дадат забелешки во однос на предлог планот најдоцна во рок од еден месец од приемот на предлог планот.

(3) Функционерот кој раководи со институцијата е должен да постапи по забелешките дадени од органот надлежен за буџетот, односно да го усогласи предлог планот.

(4) По добивањето на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот, функционерот на институцијата е должен веднаш, а најдоцна во рок од еден месец од добивање на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот да го донесе планот и истиот да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, функционерот на институцијата за која нема орган кој дава согласност на буџетот, годишниот план го донесува и го доставува на мислење до Министерството за јавна администрација, најдоцна до 1 септември.

(6) По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку се работи за орган на државна управа, функционерот е должен веднаш по усогласувањето на предлог планот со органот надлежен за буџетот, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивање на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот да побара согласност од Министерството за односи меѓу заедниците, за што истиот е должен да му одговори во рок од 15 дена, односно да даде согласност, доколку распределбата на планираните нови вработувања по припадност на заедница е направена согласно со членот 20-а став (6) од овој закон или да даде забелешки во однос на планот.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член, функционерот е должен веднаш, а најдоцна до 1 ноември да го достави усогласениот план на мислење до Министерството за јавна администрација дали годишниот план е изработен во согласност со Методологијата.

(8) Министерството за јавна администрација е должно во рок од еден месец да постапи по барањата од ставовите (4), (5) и (7) на овој член и да даде мислење, при што доколку биде утврдено дека планот не е усогласен со мислењето на органот надлежен за буџетот и/или доколку распределбата на планираните нови вработувања по припадност на заедница не е направена согласно со членот 20-а став (6) од овој закон, мислењето ќе биде негативно и на институцијата ќе и даде дополнителен рок 15 дена од денот на добиеното мислење да достави усогласен план.

(9) Доколку и по истекот на рокот од ставот (8) на овој член функционерот на институцијата до Министерството за јавна администрација не достави усогласен план и не добие позитивно мислење, институцијата нема да може да спроведува постапки за нови вработувања.

(10) Доколку органот надлежен за буџетот на институцијата или Министерството за односи меѓу заедниците или Министерството за јавна администрација не постапат по барањето за согласност во роковите утврдени во ставовите (2), (6) и (8) на овој член, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(11) Планот за кој е добиено позитивно мислење од Министерството за јавна администрација може да се менува во текот на годината за која се однесува само по претходно добиена согласност од надлежните органи за давање на согласност.
(12) Министерството за јавна администрација е должно заклучно со 31 декември во тековната година да ги достави позитивните мислења за плановите на институциите за следната година до органите надлежни за буџетот на институциите и до Агенцијата за администрација, а за органите на државната управа и до Министерството за односи меѓу заедниците.

Извештаи за реализација на планот

Член 20-в

(1) Институциите два пати годишно известуваат за реализација на плановите, за што функционерот кој раководи со институцијата, најдоцна до 15 јули за периодот јануари- јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули - декември во претходната година, испраќа извештај со точни податоци за реализација на планот до Министерството за јавна администрација.

(2) Органите на државната управа извештаите од став (1) на овој член ги доставуваат и до Министерството за односи меѓу заедниците.

(3) Министерството за јавна администрација е должно, најдоцна до 1 октомври за периодот јануари - јуни во тековната година, односно најдоцна до 1 март за периодот јули – декември во претходната година, да изготви и да достави до Владата на Република Северна Македонија полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција.

Јавен оглас и пријава за вработување

Член 20-г

(1) За пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување, институцијата е должна да објави јавен оглас.

(2) Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.

(3) Комисијата за селекција е должна во рок од три дена од истекот на рокот за пријавување на огласот да провери дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот, доколку со посебен закон не е поинаку уредено.

(4) Доколку при проверката се утврди дека недостасува некој од доказите, институцијата е должна да побара од кандидатот во рок од три дена да ги комплетира доказите, доколку со посебен закон не е поинаку уредено.

(5) По комплетирањето на доказите, Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.

(6) Доколку Комисијата се сомнева во веродостојноста на било кој од доказите, истата е должна да достави барање за дополнителни проверки кај органот, односно институцијата која го издала доказот, кој е должен во рок од 10 дена да и одговори.

(7) Доколку при проверката се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за јавна администрација, кое води Регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор.

(8) Кандидатот кој доставил лажни докази за исполнување на условите не може да се вработи во јавниот сектор во период од десет години од денот на известувањето од став (7) на овој член.

(9) Задолжителните елементи на јавниот оглас од ставот (1) на овој член и на пријавата од ставот (2) на овој член, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот за јавна администрација.

Избор на кандидати

Член 20-д

(1) По спроведената постапка на селекција утврдена во посебните закони, за секое различно работно место од јавниот оглас се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција.

(2) Од ранг-листите од ставот (1) на овој член се избираат онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат за таквите работни места.

(3) Во случај кога на ранг-листите од ставот (1) од овој член нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат, јавниот оглас се повторува само за оние работни места и за оној број на извршители, колку што недостасуваат.

(4) Доколку и при второто повторување на јавниот оглас, на ранг-листите нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени нови вработувања, колку што извршители се бараат, се изготвува единствена ранг-листа на која се рангираат кандидатите од сите претходно објавени огласи за тоа работно

место и се избираат најдобро рангираните кандидати од таа листа, без оглед на нивната припадност на заедница.

(5) Доколку на ранг-листите од ставот (4) на овој член нема доволно кандидати, јавниот оглас во тековната година може да се повторува се додека работните места не се пополнат, при што во понатамошните повторувања се избираат најдобро рангираните кандидати без оглед на нивната припадност на заедница.

(6) Доколку на ранг-листата од која треба да се изврши изборот, најдобро рангирани се двајца или повеќе кандидати со ист број на бодови, се избира кандидатот кој има добиено најмногу бодови во фазата на административната селекција.

ГЛАВА V

ВИДОВИ НА ВРАБОТУВАЊА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Видови вработувања

Член 21

(1) Работниот однос вработените во јавниот сектор го засноваат со склучување на договор за вработување, односно преку решение за вработување.

(2) Договорот за вработување се склучува, односно решението за вработување се носи на неопределено време, со полно, односно неполно работно време.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член работодавачот може да склучи договор, односно да донесе решение за вработување на определено време, со полно, односно неполно работно време.

Вработување на определено време

Член 22

(1) Раководното лице на институцијата во јавниот сектор може да пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено работно време заради:

- замена на привремено отсутен вработен, кој е отсутен повеќе од еден месец,

- привремено зголемен обем на работа,

- сезонска работа,

- непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот,

- работа на проект или

- пополнување на посебни работни места во кабинетите на претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието Република Северна Македонија, потпретседателите на Собранието Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, заради извршување на работни задачи на посебни советници.

(2) Вработувањето од ставот (1) алинеја 1 на овој член трае до истекот на одобреното отсуство на отсутниот вработен, а најдолго две години.

(3) Вработувањето од ставот (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој член трае додека трае потребата на институцијата, а најдолго една година.

(4) Вработувањето од ставот (1) алинеја 5 на овој член трае до завршувањето на проектот, а најдолго пет години.

(5) Вработувањето од ставот (1) алинеја 6 на овој член трае до истекот на мандатот на функционерот во чиј кабинет е вработен.

(6) Проектната единица и работните места во проектната единица согласно со ставот (1) алинеја 5 на овој член, како и работните места на посебните советници согласно со ставот (1) алинеја 6 на овој член мора да бидат утврдени во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на институцијата.

(7) На посебните советници од ставот (1) алинеја 6 на овој член им мирува работниот однос за времетраењето на договорот за вработување во кабинетот.

(8) Заради вработување во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 5 и 6 на овој член, раководното лице на институцијата објавува јавен оглас согласно со општите прописи за работни односи, односно склучува договор за отстапување на вработен со Агенцијата за привремени вработувања.

(9) Заради вработување во случај од ставот (1) алинеја 4 на овој член за времетраење до 30 дена, раководното лице на институцијата ја објавува потребата за вработување во службата надлежна за посредување при вработување, без наплата, преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработени лица, во согласност со општите прописи за работни односи.

(10) Раководното лице на институцијата може, согласно со ставот (9) на овој член, најмногу два пати годишно да вработи лица преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување, при што вкупниот број на вработени лица не смее да биде поголем од 5% од

бројот на сите вработени во институцијата, освен во исклучителни случаи кога поради здравствени причини има потреба од вработување преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување, повеќе од два пати годишно, односно поголем број на лица, за што раководното лице на институцијата е должно да обезбеди соодветна медицинска документација.

(11) Бројот на посебни работни места на советниците од ставот (1) алинеја 6 на овој член не може да биде поголем од:

- пет работни места на посебни советници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија,

- пет работни места на посебни советници во Кабинетот на претседателот на Собранието Република Северна Македонија,

- едно работно место на посебни советници во кабинетите на потпретседателите на Собранието Република Северна Македонија,

- по едно работно место на посебен советник за секој ресор на Владата на Република Северна Македонија во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

- три работни места на посебни советници во кабинетите на замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

- три работни места на посебни советници во кабинетите на министрите кои водат министерства со над 100 вработени,

- три работни места на посебни советници во кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија,

- две работни места на посебни советници во кабинетите на министрите кои водат министерства со помалку од 100 вработени и

- едно работно место на посебни советници во кабинетите на министрите без ресор.

(12) Во случај на склучување на договор за отстапување на вработен со Агенцијата за привремени вработувања од ставот (8) на овој член, времетраењето на договорот за отстапување на вработен за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од една година за истиот вработен кај истиот работодавач.

(13) Договорите за вработување на определено време согласно со основите утврдени во ставот (1) на овој член може да се склучат само ако институцијата обезбедила согласност дека се обезбедени финансиски средства од органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(14) Правата и должностите од работен однос на вработените на определено време се уредуваат со општите прописи за работните односи.

(15) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку отсутниот вработен и по истекот на две години не се врати на работа, работниот однос на вработениот кој го заменува може да се трансформира од определено на неопределено време, по претходна согласност на органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

Вработување на неполно работно време

Член 23

(1) Полното работно време на вработените во јавниот сектор изнесува 40 часа неделно.

(2) За неполно работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време и истото може да изнесува најмалку 20, а најмногу 30 часа неделно.

(3) Раководното лице на институцијата, на барање на вработениот или по потреба на институцијата, може да донесе решение за неполно работно време заради:

- привремено намален обем на работа,

- грижа за прво дете до неговата двегодишна возраст,

- грижа за второ дете до неговата две и пол годишна возраст,

- грижа за трето дете до неговата тригодишна возраст,

- грижа за дете со развојни проблеми и посебни образовни потреби и

- намалена работна способност, согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, прописите за здравствено осигурување или други прописи.

(4) Во условите од ставот (3) алинеја 1 на овој член раководното лице на институцијата може да побара од вработениот да работи со неполно работно време, за што раководното лице на институцијата, по претходна согласност на вработениот, во рок од 15 дена носи решение.

(5) Во условите од ставот (3) алинеи 2, 3 и 4 на овој член вработен во јавниот сектор може да поднесе барање до раководното лице во институцијата за работа со неполно работно време, ако работи со полно, или обратно, за што раководното лице на институцијата во рок од 15 дена може да донесе решение.

(6) Во условите од ставот (3) алинеја 5 и 6 на овој член, вработен во јавниот сектор, врз основа на решение од надлежен орган, може да поднесе барање до раководното лице во институцијата за работа со неполно работно време, за што раководното лице на институцијата во рок од 15 дена носи решение.

(7) Платата, придонесите од плата, додатоците на плата, одморот и другите услови за вработениот кој работи со неполно работно време, се определуваат во однос на бројот на работни часови неделно, освен во случаите од став (3) алинеи 5 и 6 на овој член за кои се применуваат прописите од областа на здравствената заштита, инвалидското осигурување или социјалната заштита.

ГЛАВА VI

ОПШТИ ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ И ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Основ на правата и должностите

Член 24

(1) Општите права и должности на вработените во јавниот сектор кои произлегуваат од работниот однос се уредуваат со овој закон.

(2) Со законите и со колективните договори согласно со членот 3 став (1) од овој закон за вработените во јавниот сектор може да се регулираат и други права и должности кои произлегуваат од работниот однос.

Право на плата и надоместоци од плата

Член 25

Вработените во јавниот сектор за својата работа имаат право на плата согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.

Право на одмори и отсуства

Член 26

Вработените во јавниот сектор имаат право на одмори и отсуства од работа согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.

Право на работа во соодветни работни услови

Член 27

Вработените во јавниот сектор имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.

Право на стручно усовршување

Член 28

(1) Вработените во јавниот сектор имаат право на континуирано стручно усовршување за што институциите носат соодветни програми.

(2) По потреба, стручното усовршување може да се спроведе и на јазиците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Право на заштита

Член 29

Вработените во јавниот сектор во остварувањето на правата и должностите од работниот однос имаат право да бараат заштита пред надлежниот суд, како и од друг надлежен орган во согласност со закон.

Право на заштита на вработени кои пријавиле сомневање или сознание за кривично дело или за незаконско или недозволиво постапување

Член 30

На вработените во јавниот сектор кои усно или писмено пријавиле сомневање или имаат сознание дека е извршено, или се извршува или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената должност или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната, им се обезбедува заштита согласно со закон и им се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара.

Право на мирување на работен однос

Член 31

(1) На вработените во јавниот сектор кои се именувани на јавна функција утврдена со закон, кои се упатени на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид на соработка, односно кои се упатени на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, им мируваат правата и должностите од работниот однос.

(2) Вработените од ставот (1) на овој член имаат право во рок од пет работни дена по престанувањето на вршењето на функцијата, или по враќањето од странство да се вратат во институцијата од каде што заминале на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое биле пред да заминат на функцијата или во странство.

(3) На вработените чии брачни другари се упатени на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна и друг вид на соработка, односно кои се упатени на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, им мируваат правата и должностите од работниот однос.

(4) Вработените од ставот (3) на овој член имаат право во рок од пет работни дена по престанувањето на работата на нивните брачни другари во странство да се вратат во институцијата од каде што заминале на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое биле пред да заминат во странство.

(5) Вработените во јавниот сектор, на нивно барање, а со согласност со функционерот кој раководи со институцијата, имаат право на неплатено отсуство во времетраење од најмногу две години, поради стручно усовршување кое не е финансирано од органот.

(6) На вработените од ставот (5) на овој член за времетраење на неплатеното отсуство, им мируваат правата од работниот однос.

(7) Доколку за времетраење на мирувањето на работниот однос на вработените од ставовите (1), (3) и (5) на овој член се променат посебните услови за нивното работно место, истите се должни да ги исполнат новите услови во рок од две години од денот на враќањето во институцијата.

Право на синдикално организирање и право на штрајк

Член 32

(1) Вработените во јавниот сектор, заради остварување на своите економски и социјални права, имаат право да се вклучат во основање, формирање и да членуваат во синдикат под услови и во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

(2) Вработените во јавниот сектор имаат право на штрајк организиран во согласност со Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот.

(3) При остварувањето на правото на штрајк вработените во јавниот сектор се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на институцијата и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

(4) Раководното лице на институцијата, согласно со закон и со колективен договор, со акт го определува начинот на извршувањето на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на институцијата за време на штрајк, бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк од ставот (3) на овој член.

Право на кандидирање на избори

Член 33

(1) Вработените во јавниот сектор имаат право да се кандидираат на парламентарни, на претседателски и на локални избори.

(2) Вработените во јавниот сектор имаат право на неплатено отсуство за време на изборната кампања за изборите од ставот (1) на овој член на кои учествуваат.

(3) Политичката определба и политичкото мислење на вработените во јавниот сектор изразени за време на неплатеното отсуство во текот на изборната кампања не смеат да влијаат на нивниот статус, на нивните права и обврски.

Должност за извршување на работите и на работните задачи

Член 34

(1) Вработените во јавниот сектор се должни да ги извршуваат работите и работните задачи опишани во актот за систематизација на работните места на институцијата.

(2) Вработените во јавниот сектор, врз основа на задолжение во писмена форма од непосредно претпоставениот, или од раководното лице на институцијата, се должни да извршуваат и работи и работни задачи кои не се содржани во описот од ставот (1) на овој член, а кои се соодветни со нивните професионални квалификации и со работните компетенции.

Должност за укажување на незаконски работни задачи

Член 35

(1) Вработените во јавниот сектор се должни да ги извршуваат работните задачи дадени од функционерот кој раководи со институцијата, односно од непосредно претпоставениот и да постапуваат по нив во согласност со Уставот, закон или друг пропис.

(2) Ако вработените сметаат дека дадената работна задача од ставот (1) на овој член не е во согласност со Уставот, со закон и со друг пропис се должни за тоа да му укажат на лицето кое им ја дало задачата.

(3) Вработените се должни да постапат по работната задача од ставот (2) на овој член дадена во писмена форма, освен ако оценат дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа писмено ќе го известат непосредно повисокиот претпоставен од оној кој им ја дал задачата, како и Државната комисија за спречување на корупција.

(4) Ако вработените не го предупредат непосредно претпоставениот дека задачата е неуставна, односно незаконита и ја извршат, тие ќе одговараат за нејзиното извршување, како и нивниот непосредно претпоставен.

(5) Вработените не можат да бидат повикани на одговорност заради даденото известување од ставот (3) на овој член.

Должност за известување за отсуство од работа

Член 36

(1) Вработените во јавниот сектор се должни да го почитуваат работното време на работодавачот.

(2) Во случај на спреченост за доаѓање на работа, вработените се должни да го известат непосредно претпоставениот, односно раководното лице на институцијата до истекот на дневното работното време на работодавачот.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член кога спреченоста за доаѓање на работа е настаната од виша сила, известувањето за спреченост за доаѓање на работа, вработените се должни да го достават веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила известувањето.

Должност за постапување по барање за упатување

Член 37

(1) Во случај на вонредни околности (природни непогоди, епидемии, поплави и слично), вработените во јавниот сектор можат без нивна согласност да бидат упатени на извршување на работи и на работни задачи кај работодавачи надвор од местото на нивното живеалиште.

(2) Упатувањето од ставот (1) на овој член трае додека траат вонредните околности, но не подолго од три месеци.

(3) Во случаите на упатување на извршување на работите и на работните задачи од ставот (1) на овој член, вработените имаат право на надоместоци утврдени со општите прописи за работните односи.

Забрана за политичко дејствување на работно место

Член 38

(1) Вработените во јавниот сектор, со членството во политичка партија и со учеството во партиските активности, не смеат да го доведат во прашање вршењето на работите и на работните задачи од работното место во институцијата.

(2) Вработените при вршењето на работите и на работните задачи не смеат да ги искажуваат или да ги застапуваат своите политички и партиски уверувања.

(3) Вработените во текот на работното време не смеат директно да учествуваат во изборни активности или во други јавни настапи од таков вид.

(4) Вработениот во институцијата во која ги извршува работите и работните задачи не смее на себе да носи или да истакнува партиски симболи во работните простории и во просториите на институцијата.

Забрана за примање подароци

Член 39

(1) Вработените во јавниот сектор не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност. Подароци што не ја надминуваат вредноста од 1.000 денари, или подароци добиени од иста личност чијашто вкупна вредност не надминува 3.000 денари во дадена година, се сметаат за подароци од пониска вредност. Подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни

организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности се сметаат за протоколарни подароци.

(2) Забраната и ограничувањата утврдени во ставот (1) на овој член, исто така, се однесуваат и на брачниот другар на вработениот, на лица кои живеат заедно со вработениот во вонбрачна заедница, на нивните деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

(3) Вработените во јавниот сектор се обврзани да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста изнесена во ставот (1) на овој член стануваат сопственост на работодавачот. Во случај дарителот да инсистира на примање на подарокот вработениот или лицата од ставот (2) на овој член се обврзани да го достават подарокот до работодавачот.

(4) Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденцијата на подароци. Вработените, исто така, се обврзани да ги пријават податоците што треба да се внесат во случаите од ставот (2) на овој член.

(5) Начинот на располагање со подароците од ставот (3) на овој член, начинот на управување со евиденцијата од ставот (4) на овој член и другите прашања во врска со примањето на подароци се уредува со уредба на Владата.

Одговорност за вршење на работите и на работните задачи

Член 40

(1) Вработените во јавниот сектор се лично одговорни за вршењето на работите и на работните задачи од работното место.

(2) Одговорноста на вработените од ставот (1) на овој член може да биде дисциплинска и/или материјална.

(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработените.

(4) Дисциплинската и/или материјалната одговорност на вработените во јавниот сектор се утврдува со закон.

Престанок на работен однос

Член 41

На вработените во јавниот сектор работниот однос им престанува со спогодба, по нивно барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со закон и/или колективен договор.

ГЛАВА VII

МОБИЛНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Мобилност

Член 42

(1) Мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со овој закон.

(2) Мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот на систематизација на работни места во институцијата во која се распоредува или се презема.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, за вработените преку К5 Програмата во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците мобилноста се врши со преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работните места во институција во која се презема, по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за буџетот на институцијата во која вработениот се презема. (Престанува да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20))

(4) Мобилноста се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

Мобилност преку распоредување

Член 43

(1) Вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за

кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата.

(2) Вработениот во јавниот сектор, на барање на друга институција, заради времено зголемен обем на работа, може да биде времено распореден на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција.

(3) Распоредувањето од ставот (2) на овој член се врши по претходна писмена согласност на вработениот и на раководните лица во институциите, а решението за времено распоредување за времетраење од најмалку еден месец, а најмногу една година, го носи раководното лице во институцијата во која истиот е вработен.

(4) Работното место на кое се распоредува вработениот од ставовите (1) и (2) на овој член не смее да биде оддалечено повеќе од 50 километри од работното место на кое истиот бил вработен пред распоредувањето.

Мобилност преку преземање

Член 44

(1) Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за јавна администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(2) Заради потребите за мобилност на вработените во јавниот сектор, Министерството за јавна администрација подготвува и води трансфер - листи на можни преземања.

(3) Институција која се укинува, трансформира или чија надлежност се намалува е должна да поднесе листа на вработени чии работни места се укинуваат, а кои Министерството за јавна администрација ги внесува во листата од ставот (2) на овој член.

(4) Вработениот чие работно место се укинува се евидентира на листата од ставот (2) на овој член и може да биде преземен во друга институција, на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, ако за тоа се согласат вработениот и раководното лице на другата институција, а по претходна согласност на Министерството за јавна администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(5) Институцијата во која се презема вработениот од ставовите (1) и (4) на овој член не смее да биде оддалечена повеќе од 50 километри од институцијата во која истиот бил вработен пред преземањето.

(6) Ограничувањето од ставот (5) на овој член не важи доколку преземањето е на барање на вработениот.

(7) На вработениот кој нема да ја потпише понудената спогодба од ставот (4) на овој член во рок од 5 дена од датумот на кој му е доставена му престанува работниот однос.

(8) Формата и содржината на листата од ставот (2) на овој член, како и начинот на водењето, начинот на пристап, како и начинот на обезбедување на одговорност за веродостојноста и безбедноста на податоците ги пропишува министерот за јавна администрација.

ГЛАВА VIII

НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Надзор

Член 45

(1) Надзор над спроведување на овој закон врши органот на управата надлежен за работите на државната управа.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон врши Државниот управен инспекторат.

(3) Инспекциски надзор над спроведување на Главата IV-а од овој закон врши Државниот управен инспекторат, кој е должен еднаш годишно да изврши редовен инспекциски надзор во сите институции на јавниот сектор.

(4) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 3 и 4 од овој закон врши Државниот инспекторат за труд.

ГЛАВА IX

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Глоби

Член 46

(1) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изречe за прекршок на функционерот кој раководи со институцијата, ако:

- не ја спроведе постапката за донесување на актот за систематизација или не го донесе актот за систематизација, согласно членот 17 од овој закон,

- не овласти најмалку едно лице за управување со податоците во ИСУЧР или за тоа не го извести Министерството за јавна администрација, согласно членот 19 став (5) од овој закон,

- не го донесе годишниот план за вработувања или спроведе постапка за вработување без годишен план, согласно членот 20-а став (1) од овој закон,

- не внесе точни податоци за тековната состојбата на пополнетост на работните места и планираните пензионирања, согласно членот 20-а став (2) алинеја 1 и 2 од овој закон,

- не ја спроведе постапката за донесување на годишниот план за вработувања, согласно член 20-б од овој закон,

- не достави извештаи за реализација на годишниот план за вработувања, или во извештаите внесе лажни податоци согласно членот 20-в ставови (1) и (2) од овој закон,

- не изврши избор во согласност со планот, согласно член 20-д од овој закон,

- вработувањето на определено време заради замена на привремено отсутен вработен, кој е отсутен повеќе од еден месец, трае подолго од рокот утврден во членот 22 став (2) од овој закон,

- вработувањето на определено време заради привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, односно непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот, трае подолго од рокот утврден во членот 22 став (3) од овој закон,

- вработувањето на определено време заради работа на проект, трае додека трае проектот, но не подолго од рокот утврден во членот 22 став (4) од овој закон,

- вработувањето на определено време заради извршување на работни задачи на посебни советници трае подолго од рокот утврден во членот 22 став (5) од овој закон,

- повеќе од два пати годишно вработи лица преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување или вкупниот број на вработени лица преку упатување од службата надлежна за посредување при вработување е поголем од 5% од бројот на сите вработени во институцијата, согласно членот 22 став (10) од овој закон и

- склучи договор за отстапување на вработен со Агенцијата за привремени вработувања, подолго од една година со ист вработен во истата институција, согласно членот 22 став (11) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното лице за управување со податоците во ИСУЧР, ако не ги внесе, односно комплетира податоцитево Регистарот во ИСУЧР најдоцна во рок од еден месец од денот на приемот на корисничко име и лозинка за пристап до ИСУЧР, или не ја ажурира секоја настаната промена на податоците во рок од 10 дена од нејзиното настанување, согласно членот 19 став (7) од овој закон.

Член 46-а

(1) За прекршоците од членот 46 од овој закон, управниот инспектор за вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, односно трудовиот инспекторза вработените во јавниот сектор од член 14 став (1) алинеи 3 и 4 од овој закон е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Управниот, односно трудовиот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат податоците за постапката за издавање на прекршочен платен налог (реден број, број и датум на записник за прекршок и правна квалификација на прекршокот), податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме или назив на сторител, адреса/седиште на сторителот и матичен број/ЕДБ на сторителот (за странец се запишува број на патна исправа) и за постапката за извршување (број и датум на платен налог; износ на глоба (во евра); рок за доброволно плаќање на глоба; наплата на глоба (да/не) и датум на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка).

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за јавна администрација.

Член 46-б

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

ГЛАВА X

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Водење на Каталогот

Член 47

Министерството за информатичко општество и администрација ќе го воспостави Каталогот на работни места во јавниот сектор најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Воспоставување на Регистарот

Член 48

Министерството за информатичко општество и администрација ќе го воспостави Регистарот за вработени во јавниот сектор во рок од една година од денот на започнувањето со примената на овој закон.

Усогласување на законите

Член 49

Законите кои уредуваат прашања кои се предмет на уредување на овој закон, ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Усогласување на актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места

Член 50

Институциите од јавниот сектор, актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места ќе ги усогласат со одредбите од овој закон најдоцна до денот на започнувањето со примената на овој закон.

Донесување на подзаконските акти

Член 51

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Методологија за планирање на вработувања и годишни планови за вработување

Член 52

(1) Методологијата за планирање на вработувања во јавен сектор ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Годишните планови за вработување институциите ќе ги донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Влегување во сила

Член 53

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по истекот на една година од денот на неговото влегување во сила.

ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14

Член 9

(1) Членот 17 став (5) од овој закон ќе отпочне да се применува од 2019 година.

(2) До истекување на рокот од ставот (1) на овој член, во актот за систематизација на работни места на институцијата, може да бидат систематизирани најмногу 50% за 2015 година, 40% за 2016 година, 30% за 2017 година и 20% за 2018 година, повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата за соодветната година.

Член 10

(1) Вработените кои до денот на отпочнување со примена на овој закон, се распоредени на работни места за кои не го исполнуваат посебниот услов за стручни квалификации во однос на видот и степенот на образованието за нивото на работно место на кое се распоредени, а кој е утврден во посебните закони, колективни договори или актите за систематизација, се должни да го исполнат условот во рок од седум години од денот на отпочнување со примена на овој закон, освен ако со посебните закони не е поинаку уредено.

(2) Вработените кои нема да го исполнат посебниот услов во рокот утврден во став (1) на овој член, најдоцна до 1 Март 2022 година ќе бидат распоредени на работни места за кои го исполнуваат условот.

(3) Ставот (1) на овој член не важи за вработените кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 12

Членот 11 ќе отпочне да се применува со денот на влегување во сила на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 198/18

Член 3

(1) Во институцијата во која до денот на влегувањето во сила на овој закон не бил донесен план за вработување за 2019 година согласно со членот 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), функционерот кој раководи со институцијата е должен да изготви предлог план и во рок од 15 дена од денот на усвојување на буџетот на институцијата за 2019 година да го достави на согласност до органот надлежен за буџетот на институцијата, односно до:

- Министерството за финансии, за институциите буџетски корисници од прва линија кои се финансираат од Буџетот на Република Македонија и за јавните претпријатија основани од Република Македонија,
- надлежното министерство, за институциите кои вршат дејности од областа на образованието и науката, здравството, културата, социјалната заштита и заштитата на детето, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон,
- советот на општината за единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и установи основани од единиците на локалната самоуправа и
- друг орган доколку е утврден со закон.

(2) Органите надлежни за буџетот на институцијата се должни да дадат согласност, односно да дадат забелешки во однос на предлог планот најдоцна во рок од 15 дена од приемот на предлог планот.

(3) Функционерот кој раководи со институцијата е должен да постапи по забелешките дадени од органот надлежен за буџетот, односно да го усогласи предлог планот.

(4) По добивањето на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот, функционерот на институцијата е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од добивање на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот да го донесе планот и истиот да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, функционерот на институцијата за која нема орган кој дава согласност на буџетот, годишниот план го донесува и го доставува на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена од денот на усвојување на буџетот на институцијата за 2019 година.

(6) По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку се работи за орган на државна управа, функционерот е должен веднаш по усогласувањето на предлог планот со органот надлежен за буџетот, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивање на согласноста, односно по усогласувањето на предлог планот да побара согласност од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, за што истиот е должен да му одговори во рок од 15 дена, односно да даде согласност доколку распределбата на планираните нови вработувања по припадност на заедница е направена согласно со членот 20-а став (6) од овој закон или да даде забелешки во однос на планот.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член, функционерот е должен веднаш, а најдоцна до 1 март да го достави усогласениот план на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација дали годишниот план е изработен во согласност со Методологијата.

(8) Министерството за информатичко општество и администрација е должно во рок од еден месец да постапи по барањата од ставовите (4), (5) и (7) на овој член и да даде мислење, при што доколку биде утврдено дека планот не е усогласен со мислењето на органот надлежен за буџетот и/или доколку распределбата на планираните нови вработувања по припадност на заедница не е направена согласно со членот 20-а став (6) од овој закон, мислењето ќе биде негативно и на институцијата ќе ? даде дополнителен рок 15 дена од денот на добиеното мислење да достави усогласен план.

(9) Доколку и по истекот на рокот од ставот (8) на овој член функционерот на институцијата до Министерството за информатичко општество и администрација не достави усогласен план и не добие позитивно мислење, институцијата нема да може да спроведува постапки за нови вработувања.

(10) Доколку органот надлежен за буџетот на институцијата или Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор не постапат по барањето за согласност во роковите утврдени во ставовите (2) и (6) на овој член, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(11) Планот за кој е добиено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација може да се менува во текот на годината за која се однесува само по претходно добиена согласност од надлежните органи за давање на согласност.

(12) Министерството за информатичко општество и администрација е должно заклучно со 1 мај 2019 година да ги достави позитивните мислења за плановите на институциите за 2019 година до органите надлежни за буџетот на институциите и до Агенцијата за администрација, а за органите на државната управа и до Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.

III. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20 (Закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците)

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи одредбата од членот 42 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 143/19 и 14/20).